# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 06.03.2020 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 02 - Година 2020** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година;
2. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година;
3. Деловник за работа на Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
4. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на Полициската канцеларија - Пехчево за 2019 година;
5. Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2020 година;
6. Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2020 год;
7. Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2020 година;
8. Одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2020 година;
9. Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2020 година;
10. Одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2020 год;
11. Одлука за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2020 година;

**12.** Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2020 година;
**13.** Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2020 година;
**14.** Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2020 година;
**15.** Одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2020 год;
**16.** Заклучок за не определување на цената на такси стојалишта, автобуски станици и стојалишта во јавниот општински превоз на територијата на општина Пехчево за 2020 година;
**17.** Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животински мрши за 2020 година;
**18.** Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2020 год;
**19.** Одлука за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање за 2020 год;
**20.** Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година;
**21.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,,-Пехчево за 2019 година;
**22.** Одлука за усвојување извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период јануари декември 2019 год;
**23.** Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување цена за прекопи на улици и врзување на тампон со набивање;
**24.** Одлука за потреба од определување на заштитна зона на зафат за водоснабдување од Пехчевска Река;
**25.** Одлука за определување на места за истакнување на изборни плакати за 2020 година;
**26.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на Едукативен центар за зачувување на природата за 2019 година;
**27.** Одлука за усвојување на завршна сметка на општина Пехчево за 2019 година;
**28.** Одлука за усвојување на завршна сметка на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2019 година;
**29.** Одлука за усвојување на завршна сметка на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2019 година;
**30.** Одлука за донесување на Урбанистички план за село Умлена, општина Пехчево;
**31.** Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за регулиран период 2019-2021 година;
**32.** Одлука за усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2019 година;
**33.** Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор во ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево;
**34.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2019 година;

Бр. 09-326/1
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Трenчовски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/2
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува полугодишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година.

**Член 2**

Полугодишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година бр.01-44/1 од 28.01.2020 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-291/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

***ООУ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО***




# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за

учебната 2019/2020 година

**Пехчево**
**Јануари 2020**

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО**

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), Директорот на училиштето го изготви полугодишниот извештај за воспитно – образовната работа на училиштето, а Училишниот одбор на седницата одржана на ___.___.2020 година го предложи извештајот до Советот на општината.

**ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ**

***Извештајот има за цел да ги презентира:***

- презентација на условите за работа во училиштето и што се е направено за нивно подобрување
- севкупната организациона поставеност и колку е реализирана Годишната програма на училиштето
- поддршка и активности за професионалниот развој на наставникот, стручните соработници и останатите вработени во училиштето
- презентација на произлезените активности во текот на првото полугодие
- аналитички приод на постигнати резултати и предлог мерки за надминување на недостатоците

**ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ИЗВОРИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ**

- Законот за основно образование
- Развојниот план на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето
- Реализација на програмите на раководниот, стручниот кадар и останатите органи и тела во училиштето
- Статистички преглед и извештаи за бројот, структура на учениците, паралелки и успехот на учениците

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО**

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево со петте подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ с. Панчарево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Чифлик – во мирување) учебната 2019/2020 година ја започна на 3 септември во $8^{00}$ часот (Наставата не започна на 2 септември 2019 година бидејќи беше одржан предупредувачки штрајк организиран од СОНК).

Првачињата и шестоодделнците свечено се примени и запознаени со своите одделенски раководители. На сите ученици им беше прочитан кодексот на однесување во училиштето и куќниот ред.

Училиштето во Пехчево наставата ја реализира во една смена од прво до деветто одделение од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Црник е подрачно училиште во кое се застапени сите одделенија од прво до деветто одделение и тука наставата се изведува во две смени и тоа: учениците од шесто до деветто одделение се на настава во прва смена од $07^{30}$ – $13^{00}$ часот, додека учениците од прво до петто одделение се на настава во втора смена од $13^{15}$ – $18^{00}$ часот.

ПУ с. Панчарево, ПУ с.Робово и ПУ с. Умлена се подрачни училишта каде што се изведува само одделенска настава од прво до петто одделение и се работи едносменски од $08^{00}$ – $13^{00}$ часот.

Работното време на наставниците во централното училиште и ПУ во с. Робово, с. Умлена, с. Панчарево е од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот, додека во ПУ с. Црник бидејќи е двосменско за наставниците кои предаваат од шесто до деветто одделение се прва смена од $07^{15}$ – $13^{15}$ часот, додека наставниците кои предаваат од прво до петто одделение се втора смена од $12^{30}$ – $18^{30}$ часот.

Работното време на директорот, административно техничкиот кадар, стручната служба и хигиеничарите во централното училииште во Пехчево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Панчарево е од $07^{00}$ – $15^{00}$ часот, со исклучок на неколку хигиеничари со неполно работно време од централното училиште на кои работното време им е од $12^{00}$ до $16^{00}$ часот. Работното време на хигиеничарите во ПУ с. Црник се организира во две смени и тоа прва смена од $7^{00}$ - $15^{00}$ часот и втора смена од $12^{00}$ до $20^{00}$ часот.

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *1. Опфат на ученици*

Во основното образование во учебната 2019/2020 година во почетокот на учебната година беа опфатени 300 ученици, но сега се опфатени 299 ученици, распоредени во 30 паралелки. Со преведница е испишан еден ученик.

| *Училиште* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| ООУ Пехчево | 216 | 16 |
| ПУ с. Црник | 64 | 9 |
| ПУ с. Панчарево | 6 | 2 |
| ПУ с. Робово | 7 | 1 |
| ПУ с. Умлена | 6 | 2 |
| ***Вкупно*** | **299** | **30** |

ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број на ученици по одделенија на крајот на првото полугодие во учебната 2019/2020 година*

| | **Македонски јазик** | | **Албански јазик** | | **Турски јазик** | | **Српски јазик** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* |
| **I** | 38 | 19 | | | | | | | 38 | 19 |
| **II** | 18 | 7 | | | | | | | 18 | 7 |
| **III** | 33 | 13 | | | | | | | 33 | 13 |
| **IV** | 31 | 16 | | | | | | | 31 | 16 |
| **V** | 43 | 22 | | | | | | | 43 | 22 |
| ***I – V*** | ***163*** | ***77*** | | | | | | | ***163*** | ***77*** |
| **VI** | 51 | 27 | | | | | | | 51 | 27 |
| **VII** | 31 | 15 | | | | | | | 31 | 15 |
| **VIII** | 20 | 8 | | | | | | | 20 | 8 |
| **IX** | 34 | 20 | | | | | | | 34 | 20 |
| ***VI - IX*** | ***136*** | ***70*** | | | | | | | ***136*** | ***70*** |
| **I – IX** | **299** | **147** | | | | | | | **299** | **147** |




| | I | II | III | IV | V | I – V | VI | VII | VIII | IX | VI - IX | I – IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик СЕ | 38 | 18 | 33 | 31 | 43 | 163 | 51 | 31 | 20 | 34 | 136 | 299 |
| Македонски јазик Ж | 19 | 7 | 13 | 16 | 22 | 77 | 27 | 15 | 8 | 20 | 70 | 147 |
| Македонски јазик вкупно СЕ | 38 | 18 | 33 | 31 | 43 | 163 | 51 | 31 | 20 | 34 | 136 | 299 |
| Македонски јазик вкупно Ж | 19 | 7 | 13 | 16 | 22 | 77 | 27 | 15 | 8 | 20 | 70 | 147 |

Значајно е да се истакне дека од година во година бројот на ученици се намалува, што придонесува да се намали и бројот на паралелки, а со тоа се загрозуваат работните места на поголем број од вработените во училиштето.

### *2. Материјално технички ресурси*

Во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево заедно со подрачните училишта, просторните услови ги задоволуваат педагошките норми и стандарди. Наставата во централното училиште во Пехчево се организира и реализира на база на матични училници за одделенска настава, додека во предметна настава е на принцип на училници - кабинети и кабинети. Во летниот период до почетокот на наставната година се превземени сите потребни активности, се со цел подобрување на условите за работа и учење на учениците.

Аплицираме, правиме проекти, го поддржуваме професионалното надоградување на наставниците се со цел подобрување на условите за работа и учење и подобрување на квалитетот на наставата.

### *3. Кадровски услови*

**ВРАБОТЕНИ**

Сите кадровски потерби се навремено решени, а воспитно – образовниот процес во текот на првото полугодие се изведуваше непречено.

Во училиштето вкупно вработени се 64 лица. Од вработените – 1 е директор, 2 административно технички работници, 2 се стручна служба, 1 библиотекар, 45 се наставници, 13 хигиеничари. Од наставниците 27 наставника изведуваат предметна настава од кои 22 се со ВСС, додека 5 се со ВШС. Од оние со високо образование на неопределено време со полн фонд на часови се 12 наставника, на неопределено време со неполн фонд на часови се 2 наставника, на определено време со полн фонд на часови се 3 наставника и на определено време со неполн фонд на часови се 5 наставника. Од оние со вишо образование сите се на неопределено полно работно време.

Одделенска настава изведуваат 18 наставника од кои 12 наставници се со ВСС, а 6 се со ВШС. Од нив сите со полн фонд на часови. 16 наставника се на неопределено работно време – 10 наставника со високо образование и 6 наставника со вишо образование и 2 наставника со високо образование се на определено работно време.

Раководно стручниот кадар во училиштето го сочинуваат: 1 директор, 1 педагог, 1 психолог и 1 библиотекар (со помалку од половина работно време) кои се со ВСС и се на неопределено време.

Административно техничкиот кадар го сочинуваат 1 секретар кој е со ВСС и 1 сметководител кој е со ВШС и се на неопределено работно време.

За хигиено – техничко одржување се задолжени - 9 хигиеничари со полно работно време од кои еден е на определено време и 2 со неполно работно време, 1 ложач и 1 хаусмајстор.

**ПРЕГЛЕД**
*на наставниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година*

| **Наставен кадар по наставни јазици** | **Одделенска настава** | | | | | **Предметна настава** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | |
| македонски | 12 | 6 | | | 18 | 22 | 5 | | | | 27 |
| албански | | | | | | | | | | | |
| турски | | | | | | | | | | | |
| српски | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 12 | 6 | | | 18 | 22 | 5 | | | | 27 |

**ПРЕГЛЕД**
*на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година*

| **Работно место** | **Завршено образование** | | **Вкупен работен стаж** | **Работно искуство како директор, помош. и зам. директор, педагог, психолог, социолог** |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |
| Директор | 1 | | 19 год. 5 мес. | 2 год. |
| Зам. директор | | | | |
| Пом. директор | | | | |
| Педагог | 1 | | 34 год. 8 мес. | 3 год. 3 мес |
| Психолог | 1 | | 10 год. 10 мес. | 7 год. 6 мес |
| Социолог | | | | |

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР
## (од август до јануари)

Во првото полугодие, наставниците ги посетиле следниве семинари и обуки: наставниците од предметна настава кои предаваат природни науки – Семинар по природни науки; наставници од одделенска настава кои предаваат I одделение и предметна настава кои предаваат ФЗО – Семинар по физичко и здравствено образование; наставникот по музичко образование – Семинар по музичко образование во организација на ЗМП и БРО; наставници од одделенска настава и стручните соработници кои предаваат математика – АРТ терапија кај деца со посебни образовни потреби; психологот ја посетил обуката – Примена и процена на инструментите и скалите за идентификација на надарените и талентираните ученици; наставници кои предаваат англиски јазик – Пишување ERASMUS$^{+}$ проекти.

## ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

### *1. Годишна програма за работа на училиштето*

Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена и донесена во предвидениот законски рок и презентирана пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на општината.

Сите наставници и од предметна и од одделенска настава навремено ги изготвија и предадоа кај стручната служба своите годишни и тематски планирања (и истите дел од наставниците континуирано ги предаваат), а дел од наставниците редовно изготвуваат и дневно – оперативни планирања. Своите годишни и тематски планирања наставниците ги изготвуваат според насоките добиени од советниците од БРО и стекнатите сознанија од различните семинари и обуки кои ги имаат посетено. Стручните соработници во текот на првото полугодие имаа посета на по еден час кај сите наставници и од предметна и од одделенска настава.

Приоритетни подрачја во Годишната програма за работа на училиштето се:

- Унапредување на соработката со родителите

**Цел:** Учество на родителите во воспитно-образовните средби во училиштето со зголемена присутност од на 70%.

- Зајакнување за мотивираноста кај наставниците преку систем на награди

**Цел:** Зголемување на бројот на наставници за учество на општински, регионални и државни натпревари

- Создавање подобри услови за изведување на наставата

**Цел:** Набавка на нови нагледни средства за потребите на наставата, доуредување на училишниот двор и изградба на санитарни јазли во рамките на училишната зграда во ПУ с. Панчарево, доградба на училници во ПУ с. Црник за создавање услови за едносменско работење и воедно доуредување на училишниот двор и спортското игралиште во истото училиште. Реконструкција на ученичките санитарни јазли со осовременување на чешмите со поставување на сензор чешми во централното училиште.

- Подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар

**Цел:** Лично и професионално усовршување на наставниците преку посета на семинари и обуки

**Првата цел** континуирано се реализира преку изнаоѓање на различни настани, активности, проекти, работилници, трибини, состаноци, пополнување на анкети, зголемено учество при донесувањето на одлуки битни за воспитно – образовната работа на учениците, се со цел за почеста и поредовна посета на училиштето од страна на родителите, а не само на предвидените родителски средби. Од голема помош во овој поглед ни дојде проектот на МОН за зголемување на соработката помеѓу училиштето и родителите со дадени активности и временска рамка кои треба да се реализираат во заедничка соработка со наставниците, родителите и учениците.

**Показатели:** изготвените извештаи од страна на наставниците за видот и начинот на соработка со родителите, записници од состаноци, изведени заклучоци од анкети, добиени аналитички резултати и сл.

**Втората цел** е во континуитет на реализација при што постојано се вршат разговори со наставниците во врска со тоа што би придонело се повеќе да бидат мотивирани за да учествуваат на различни натпревари и колку училиштето би можело да придонесе за постигнување на таа цел.

**Показатели:** зголемениот број на ученици кои уествуваат на различни видови организирани натпревари и поголемиот бриј на добиени награди и пофалници.

**Третата цел** е од доста големо значење за унапредување на наставата и наставниот процес, се со цел зголемување на знаењата кај учениците. **Показатели:** стекнување на поголеми знаења и продукција на поквалитетни знаења кај учениците.

**Четврта цел** е во континуитет на реализација преку следење на понудените обуки од различни акредитирани асоцијации и организации за поголемо лично и професионално усовршување на наставниците преку континуирана посета на семинари и обуки

**Показатели:** стекнување на различни искуства, активности, методи, знаења и продукција на разноликост во наставата со цел стекнување поквалитетни знаења кај учениците.

### *2. Планирање и реализација на наставата*

#### 2.1. Задолжителна настава

Реализацијата на содржините од планирана настава – задолжителни часови се реализирани околу 90%, бидејќи во првото полугодие има повеќе празници и се реализираат помалку наставни денови, но во текот на второто полугодие истите ќе бидат реализирани во поголем процент.

### 2.2. Изборни предмети

Изборните предмети кои учениците ги изучуваат во текот на оваа учебна година беа изберени за изучување според анкетите за ученици кои се извршија во месец мај за следната учебна година.

Изборен предмет во IV одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво.* Во V одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво*. Во VI одделение и во централното училиште во Пехчево како изборни предмети се изучува *запознавање на религиите*, а во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување беше избран *класична култура во европската цивилизација*. Во VIIа одделение во централното училиште во Пехчево изборен предмет за изучување е избран *вештини на живеење,* а во VIIа одделение во централното училиште во Пехчево и во VII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *проекти од ликовната уметност.* Во VIII одделение во централното училиште во Пехчево е избран *истражување на родниот крај*, а во VIII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење.* Во IXа одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење*, а во IXб одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *унапредување на здравјето, а* во ПУ с. Црник како изборни предмети е избран *техничко образование.*

### 2.3. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за учениците кои послабо напредуваат и имаа потешкотии при совладувањето на наставниот материјал од второ до деветто одделение. Според индивидуалните согледувања наставникот дава определби во кои области учениците заостануваат и спроведува доплонителни часови за таквите ученици на месечно ниво. Темпото и бројот на ученици вклучени во дополнителна настава зависи од тековното совладување на наставните содржини. Дополнителна настава во одделенска настава е држана по сите предметите дадени според наставниот план и програма, а во предметна настава најчесто е држана по предметите – македонски јазик, математика, природни науки, англиски јазик, биологија, географија, физика, германски јазик, физичко образование, музичко образование, техничко образование.

### 2.4. Додатна настава

Ваков вид на настава се организира за учениците од второ до деветто одделение кои според согледувањата на наставниците покажуваат посебен интерес и посебни способности по одредени предмети заради проширување и зголемување на спектарот на стекнување на знаења на месечно ниво. Додатна настава во одделенска настава е најчесто е држана по македонски јазик, математика, природни науки, ликовно образование, музичко образование, англиски јазик; а во предметна настава најчесто е држана по предметите – математика, македонски јазик, англиски јазик, биологија, географија, природни науки, германски јазик, физичко образование, техничко образование, музичко образование.

### 2.5. Одделенски час

Одделенскиот час или Животни вештини е задолжителен за сите ученици од второ до деветто одделение, а во прво одделение се изучува во склоп на другите предмети и не е издвоен како посебен час. Одделенскиот час се реализира со еден час неделно во сите одделенија од предметна и од одделенска настава.

### 2.6. Реализација на развојно – истражувачки проекти и други иновации

Во училиштето успешно се спроведуваат и реализираат повеќе проекти:
- проектот Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;
- проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;
- програмата за Јазична писменост во почетните одделенија;
- програмата за Математика со размислување во почетните одделенија;
- новите наставни програми по математика, физика, биологија и природни науки според Кембриџ;
- програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;
-спроведување на различни иновативни работилници од страна на стручните соработници во училиштето наменети за учениците;
- програмата за Животни вештини од второ до деветто одделение;
- програмата за описно оценување на учениците од прво до шесто одделение;

**2.7. Слободни ученички активности**

Преку СУА се поттикнува детската фантазија, креативност, љубопитност, самостојност, желба за афирмација на детската личност. Слободните ученички активности беа реализирани преку работата на секциите во училиштето од страна на одговорните наставници со однапред изготвени програми за работа согласно Наставниот план и програма за одделенска и предметна настава.

**2.8. Успехот и редовноста на учениците**

Во интерес на реалното согледување на успехот и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, а со цел постоење на методолошка оправданост при анализа на успехот и радовноста на учениците користени се методи и принципи на анализа, синтеза, генерализација, компаративност и реалност. За извор на информации и споредување на резултатите се користени статистички податоци според пол, возраст, национален статус на учениците последователно во четири периоди низ целата учебна година. Во долу дадената табела споредбено се дадени статистички податоци за средниот постигнат успех на полугодие на учениците во последните три учебни години:

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛУГОДИЕ 2017/2018*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2018/2019*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2019/2020*** | | |
| **IV** | 4,03 | **среден успех** | **IV** | 4,05 | **среден успех** | **IV**<br>**V**<br>**VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | |
| **V** | 3,83 | | **V** | 3,91 | | **VII** | 3,54 | **среден успех** |
| **VI - IX** | 3,31 | **3,72** | **VI – IX** | 3,51 | **3,82** | **VIII** | 3,14 | |
| | | | | | | **IX** | 3,73 | |
| | | | | | | **VII - IX** | | 3,47 |

Оваа учебна година не може да се направи споредба со претходните учебни години затоа што според новиот Закон за основно образование, учениците од вториот период од IV – VI одделение на полугодие се оценуваат описно, а не бројчано како до минатата учебна година. Па според тоа споредбата не би била релевантна.

**ПРЕГЛЕД**

*на средниот успех по одделенија на полугодие последните три учебни години*

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Полугодие 2017/2018*** | | | ***Полугодие 2018/2019*** | | | ***Полугодие 2019/2020*** | | |
| ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** |
| **I** | Описно се оценети | 1,39 | **I** | Описно се оценети | 9,50 | **I** | Описно се оценети | 0,11 |
| **II** | | 4,43 | **II** | | 3,73 | **II** | | 1,72 |
| **III** | | 2,97 | **III** | | 2,88 | **III** | | 0,44 |
| **IV** | 4,03 | 0,38 | **IV** | 4,05 | 4,29 | **IV** | | 0,51 |
| **V** | 3,83 | 3,91 | **V** | 3,91 | 1,77 | **V** | | 0,48 |
| **VI** | 2,93 | 16,45 | **VI** | 3,58 | 7,58 | **VI** | | 0,48 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VII** | 3,40 | 7,70 | **VII** | 3,16 | 7,09 | **VII** | 3,54 | 1,27 |
| **VIII** | 3,65 | 12,39 | **VIII** | 3,59 | 5,96 | **VIII** | 3,14 | 1,50 |
| **IX** | 3,26 | 20,08 | **IX** | 3,69 | 11,15 | **IX** | 3,73 | 1,11 |









При вршење на споредба на минатогодишниот полугодишен успех и полугодишниот успех оваа учебна година по одделенија може да се земе во предвид само за седмо, осмо и деветто одделение, бидејќи според новиот Закон за основно образование учениците од вториот период на полугодие се оценети описно, а не бројчано како до сега. Заклучно горенаведеното се согледува следното:

- успехот на седмо одделение оваа учебна година е повисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е повисок за 0,38, додека за разлика од учебната 2017/2018 година средниот успех на полугодие на седмо одделение е повисок за 0,14;

- успехот на осмо одделение оваа учебна година е понизок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е понизок за 0,45, додека за разлика од учебната 2017/2018 година средниот успех на полугодие на осмо одделение е понизок за 0,51;

- успехот на девето одделение оваа учебна година е повисок во споредба со претходните учебни години и тоа за разлика од минатата учебна година на полугодие е повисок за 0,04, додека за разлика од учебната 2017/2018 година средниот успех на полугодие на девето одделение е повисок за 0,47;

- општо земено полугодишниот успех оваа учебна година не може релевантно да се спореди со полугодишниот успех од претходните две учебни години затоа што оваа учебна година во бројчано оценување не се вклучени учениците од вториот период, од IV – VI одделение.

Оваа учебна година согласно Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ и Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците се изречени следните педагошки мерки:

- ***Педагошка мерка – укор***

*Изречени се 3 педагошки мерки - укор*

*причини:* нередовно посетување на училиштето, односно поголем број неоправдани изостаноци (учениците се евидентирани во одделенската книга од 1 до 3 пати).

- ***Педагошка мерка – усна опомена***

*Изречена е 1 педагошка мерка - усна опомена*

*причини:* нередовно посетување на училиштето, односно поголем број неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран во одделенската книга од 4 до 6 пати).

Сумирано, во првото полугодие од учебната 2019/2020 година се изречени вкупно 4 педагошки мерки, од кои:

- укор на 3 ученика;
- усна опомена на 1 ученик.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020 година***

***само за централното училиште во Пехчево (без подрачните училишта)***

| реден бр. | одделение | среден успех |
|---|---|---|
| *1* | **Ia** | **описно оценети на полугодие** |
| *2* | **Iб** | |
| *3* | **II** | |
| *4* | **IIIa** | |
| *5* | **IIIб** | |
| *6* | **IV** | |
| *7* | **Va** | |
| *8* | **Vб** | |
| *9* | **VIa** | |
| *10* | **VIб** | |
| *11* | **VIв** | |
| *12* | **VIIa** | 3,52 |
| *13* | **VIIб** | 3,66 |
| *14* | **VIII** | 3,61 |
| *15* | **IXa** | 4,39 |
| *16* | **IXб** | 3,53 |

| реден бр. | одделение | изостаноци по ученик |
|---|---|---|
| *1* | **Ia** | 3,66 |
| *2* | **Iб** | 0,00 |
| *3* | **II** | 8,64 |
| *4* | **IIIa** | 7,55 |
| *5* | **IIIб** | 1,64 |
| *6* | **IV** | 1,75 |
| *7* | **Va** | 4,80 |
| *8* | **Vб** | 1,88 |
| *9* | **VIa** | 1,43 |
| *10* | **VIб** | 4,07 |
| *11* | **VIв** | 4,21 |
| *12* | **VIIa** | 12,15 |
| *13* | **VIIб** | 12,82 |
| *14* | **VIII** | 5,13 |
| *15* | **IXa** | 6,73 |
| *16* | **IXб** | 12,00 |






Преку увидот од табеларниот преглед за успехот на учениците и редовноста се забележува следното:
- со највисок успех се IXа одделение;
- со најнизок успех се VIIа оддление;
- најмал број на изостаноци по ученик се забележуваат во Iб одделение, односно немаат ниту еден изостанок, додека
- најголем број на изостаноци по ученик се забележуваат во VIIб одделение, најчесто поради болест, оперативни зафати, повреди и скршеници.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020 година во централното училиште во Пехчево***

| **VII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,43 |
| Математика | 2,78 |
| Англиски јазик | 3,33 |
| Француски јазик | 3,17 |
| Германски јазик | 3,37 |
| Ликовно образование | 4,24 |
| Музичко образование | 3,67 |
| Информатика | 4,18 |
| Географија | 3,14 |
| Историја | 3,68 |
| Етика | 3,52 |
| Биологија | 3,28 |
| Физичко образование | 4,23 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини на живеење | 4,42 |
| Проекти од ликовна уметност | 4,45 |
| **Среден успех на седмите одделенија** | **3,66** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет проекти од ликовна уметност 4,45;
-најслаб е успехот по математика 2,78;
-среден успех на седмо одделение е 3,66.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,53 |
| Математика | 3,00 |
| Англиски јазик | 3,66 |
| Француски јазик | 3,20 |
| Германски јазик | 3,20 |
| Ликовно образование | 4,06 |
| Музичко образование | 4,00 |
| Географија | 3,40 |
| Историја | 3,40 |
| Граѓанско образование | 4,33 |
| Биологија | 3,53 |
| Физика | 3,40 |
| Хемија | 3,40 |
| Физичко образование | 3,86 |
| **Изборен предмет** | |
| Истражување на родниот крај | 3,93 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3,61** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по граѓанско образование 4,33;
-најслаб е успехот по математика 3,00;
-среден успех на осмо одделение е 3,61.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4,04 |
| Математика | 3,39 |
| Англиски јазик | 3,57 |
| Француски јазик | 3,44 |
| Германски јазик | 3,86 |
| Ликовно образование | 4,50 |
| Музичко образование | 4,68 |
| Географија | 3,95 |
| Историја | 3,80 |
| Граѓанско образование | 4,22 |
| Биологија | 3,54 |
| Физика | 3,88 |
| Хемија | 3,89 |
| Иновации | 4,02 |
| Физичко образование | 4,37 |
| **Изборен предмет** | |
| Унапредување на здравјето | 3,90 |
| Вештини за живеење | 4,40 |
| **Среден успех на деветите одделенија** | **3,97** |




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по музичко образование 4,68;
-најслаб е успехот по француски јазик 3,44
-среден успех на деветто одделение е 3,97.

**ПРЕГЛЕД**
***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020 година во ПУ с Црник***

| Реден бр. | одделение | Среден успех | Реден бр. | одделение | Изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **I** | **описно оценети на полугодие** | *1* | **I** | 11,71 |
| *2* | **II** | | *2* | **II** | 22,33 |
| *3* | **III** | | *3* | **III** | 5,43 |
| *4* | **IV** | | *4* | **IV** | 0,11 |
| *5* | **V** | | *5* | **V** | 13,80 |
| *6* | **VI** | | *6* | **VI** | 15,11 |
| *7* | **VII** | 3,45 | *7* | **VII** | 13,00 |
| *8* | **VIII** | 2,67 | *8* | **VIII** | 25,00 |
| *9* | **IX** | 3,27 | *9* | **IX** | 18,75 |






Бидејќи на полугодие бројчано се оценети само оние ученици кои улат во некое од одделенијата во последниот период, од увидот на табелата јасно се гледа дека:
-најдобро одделение по успех е VII одделение;
-најслабо одделение по успех е VIII одделение;
-најмногу изостаноци по ученик се забелжани во VIII одделение;
-најмал број на изостаноци се забележани во IV одделение.

Споредбено со успехот во централното училиште во ПУ с. Црник среднiот успех на учениците е послаб, но во овој случај битно е да се напомене дека ПУ с. Црник е мултинационално училиште во кое што учат ученици од различни националности и тоа турска, ромска националност и бошњаци, при што според бројноста на учениците во најголем број се застапени ученици од ромска националност, потоа се учениците од турска и два ученика по националност  бошњаци. Од оваа учебна година во ПУ с. Црник нема воопшто ученици од македонска националност, а исто така и во иднина нема да има ученици од македонска националност.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020 година во ПУ с. Црник***

| **VII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,00 |
| Математика | 2,83 |
| Англиски јазик | 3,50 |
| Француски јазик | 3,00 |
| Ликовно образование | 4,50 |
| Музичко образование | 3,67 |
| Информатика | 3,67 |
| Географија | 2,67 |
| Историја | 3,17 |
| Етика | 3,50 |
| Биологија | 2,83 |
| Физичко образование | 4,00 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од ликовна уметност | 4,50 |
| **Среден успех на седмо одделение** | **3,45** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование и изборниот предмет – проекти од ликовна уметност 4,50;
-најслаб е успехот по математика и биологија 2,83;
-среден успех на седмо одделение е 3,45.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 2,80 |
| Математика | 1,80 |
| Англиски јазик | 2,40 |
| Француски јазик | 2,40 |
| Ликовно образование | 3,20 |
| Музичко образование | 3,00 |
| Географија | 2,40 |
| Историја | 2,60 |
| Граѓанско образование | 3,00 |
| Биологија | 1,80 |
| Физика | 2,60 |
| Хемија | 2,40 |
| Физичко образование | 3,40 |
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 3,60 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **2,67** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет - вештини за живеење 3,60;
-најслаб е успехот по математика и биологија 1,80;
-среден успех на осмо одделение е 2,67.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,13 |
| Математика | 2,75 |
| Англиски јазик | 3,63 |
| Француски јазик | 2,25 |
| Ликовно образование | 3,25 |
| Музичко образование | 4,13 |
| Географија | 3,00 |
| Историја | 3,13 |
| Граѓанско образование | 3,63 |
| Биологија | 3,25 |
| Физика | 3,13 |
| Хемија | 3,00 |
| Иновации | 3,63 |
| Физичко образование | 3,75 |
| **Изборен предмет** | |
| Техничко образование | 3,25 |
| **Среден успех на деветто одделение** | **3,27** |




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по музичко образование 4,13;
-најслаб е успехот по француски јазик 2,25;
-среден успех на деветто одделение е 3,27.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на редовноста од I и V одделение на крајот од првото полугодие во учебната 2019/2020 година во ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Панчарево***

| ПУ с. Умлена | | | ПУ с. Робово | | | ПУ с.Панчарево | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** | ***одд*** | ***Среден успех*** | **Изостаноци по ученик** |
| **I** | **описно оценети на полугодие** | 0,00 | **I** | **описно оценети на полугодие** | 0,00 | **I** | **описно оценети на полугодие** | 0,67 |
| **II** | | 0,00 | **II** | | / | **II** | | / |
| **III** | | 0,00 | **III** | | 0,00 | **III** | | / |
| **IV** | | 14,00 | **IV** | | 0,00 | **IV** | | 0,00 |
| **V** | | 0,00 | **V** | | / | **V** | | 0,00 |

Во подрачните училишта во кои се изведува настава до петто одделение учениците се бројчано оценети, а бројот на изостаноци е многу мал што претставува една позитивна карактеристика на училиштето.

Учениците од прво до третто одделение во сите периоди се оценуваат описно. Учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано, и бројчано и описно. На двете тримесечја и на полугодие овие ученици се оценети описно, додека на крајот од учебната година се оценуваат бројчано. Оваа карактеристика е новина од оваа учебна година што произлезе од новиот Закон за основно образование кој стапи на сила од оваа учебна година.

## Активности на учениците

Училиштето ја реализира програмата „Интеграција на еколошкта едукација во македонскиот образовен систем“, каде што учениците за време на редовните часови реализираат разновидни еко содржини и еко активности во склоп на програмата, а преку еко одборот во кој што активна улога имаат и самите ученици се овозможуваат, поддржуваат и реализираат активности од самата програма.

Во соработка со наставниците и родителите преку проектот од МОН, учениците се вклучени во реализација на различни активности предвидени со програмата, како што се организирање на заеднички работилници, спроведување на заеднички еколошки акции, заедничко учество на предавања на различни теми и сл.

Училиштето е вклучено во проектот Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта каде наставниците се задолжени да реализираат активности поврзани со антикорупциски содржини (квизови, театарска претсатава, литературен или ликовен натпревар и сл.) во конекција со предметот граѓанско образование или животни вештини.

Исто така училиштето е вклучено и во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието каде што учениците на одделенскиот час или на редовните часови каде наставниците се во можност се запознаваат со карактеристиките на различни култури и етникуми кои живеат во нашата држава. Исто така голема би била улогата на ученичката заедница во склоп на овој проект доколку би се обезбедило партнер училиште, преку заедничките активности што би требало да се спроведат со ученичката заедница од партнер училиштето.

Ученичкиот парламент организира разновидни активности и акции од хуманитарен карактер, во зависност од потребите и спецификите на превземената активност.

Исто така учениците имаат доста активна улога во програмата организирана од Општина Пехчево, по повод денот на ослободувањето на Пехчево.

Дел од други активности во кои учениците активно се вклучени се:

- Приемот на првачиња во детската организација со свеченост организирана од страна на наставниците од одделенска настава;
- Активности околу одбележувањето на денот на учителот 5 октомври;
- Одбележување на 16 октомври – денот на загинувањето на мега ѕвездата Тоше Проески;
- Учество на спортските екипи на меѓуопштински училишни натпревари;
- Учество на различни општински и државни натпревари;
- Предавања и работилници на различни теми организирани од стручните соработници во училиштето и стручни лица од страна на родителите.

Секој чекор кој го правиме е чекор повеќе кој не води напред. Малите неуспеси не не обесхрабруваат туку ни даваат поттик да одиме напред со нови сили, поголем мотивив за постигнување на подобри резултати.

*Наш интерес е секој воспитно – образовен предизвик да го ставиме во функција на ученикот, родителот, заедницата и локалната средина.*

***„Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот.“***

Училишен одбор при
ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево
Претседател
______________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/3 | Градоначалник на
06.03.2020 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.С.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, бр.192/15, бр.209/18 и бр.244/19), член 31 од Законот за буџетите (“Службен весник на Р.М.” бр.64/05, бр.04/08, бр.103/08, бр.156/09, бр.95/10, бр.180/11, бр.171/12, бр.192/15 и бр.167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Р.М.” бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.80/16, бр.127/16, бр.142/16, бр.2/17, бр.16/17 и бр.11/18) и член 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година со бр. 08-1631/1 од 16.12.2019 год.**

**Член 1**

Преамбулата на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2020 година ("Службен гласник на општина Пехчево" бр.11/19) се менува и гласи:

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.С.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, бр.192/15, бр.209/18 и бр.244/19), член 31 од Законот за буџетите (“Службен весник на Р.М.” бр.64/05, бр.04/08, бр.103/08, бр.156/09, бр.95/10, бр.180/11, бр.171/12, бр.192/15 и бр.167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Р.М.” бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.80/16, бр.127/16, бр.142/16, бр.2/17, бр.16/17 и бр.11/18) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево (“Службен гласник на Општина Пехчево” бр.06/2016 и 05/2019), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 16.12.2019 година, донесе:

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пехчево".

Бр.08-292/1 | Совет на општина Пехчево
06.03.2020 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Деловник за работа на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

СЕ ОБЈАВУВА Деловник за работа на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, што советот на општина Пехчево го донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/4 | Градоначалник на
06.03.2020 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 14 став 5 и 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“, бр.201/2015), член 32 точка 10 и член 44 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година донесе

**ДЕЛОВНИК**
**ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

Член 1

Со овој Деловник, поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пехчево (во натамошниот текст КЕМ), надлежностите на КЕМ, формирањето и начинот на избор на претседател/ка на КЕМ, правата и должностите на претседателот/ка на КЕМ, правата и должностите на членовите на КЕМ, јавноста и информирањето на КЕМ, односите на КЕМ со општината, јавните служби, институциите и НВО, како и други прашања од значење за работата на КЕМ.

НАДЛЕЖНОСТИ НА КЕМ

Член 2

Согласно Законот за еднакви можности и Статутот на Општина Пехчево КЕМ ги има следните надлежности:

- Дава мислење по однос на материјалите и предлозите на седниците на Советот на општина Пехчево,
- Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на општината, донесувањето на буџетот на општината, статутот, програмата за работа на советот на општината и др.
- Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминација во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација,
- Се грижи за доследно спроведување на одредбите на Законот за еднакви можности и други закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата, предлагајќи му на советот на општината мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и

недискриминацијата врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на општината,

- Ги разгледува прашањата кои се однесуваат на рамноправноста меѓу половите во сите области од опшествениот живот и дава мислење, предлози и сугестии за разрешување на проблемите и решавање на прашањата кои се однесуваат на оваа проблематика,
- Предлага Стратегија за родова рамноправност, акциски планови и др.стратешки документи од областа на еднаквите можности на жените и мажите.

ФОРМИРАЊЕ НА КЕМ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ/КА НА КЕМ

Член 3

Формирањето на КЕМ се врши на првата редовна седница на Советот на Општина Пехчево, со донесување на одлука за формирање на КЕМ.

КЕМ се формира од членови на Советот на Општина Пехчево. За членови на КЕМ се предлагаат претставници од сите советнички групи кои се застапени во Советот на Општина Пехчево, притоа имајќи предвид подеднаква застапеност на жени односно мажи. КЕМ е формирана кога за неа гласале мнозинството од вкупниот број присутни членови на Советот на Општина Пехчево.

КЕМ има претседател/ка кој го/ја избира Советот на Општина Пехчево, по предлог на еден или група членови на Советот.

Претседателот/ката е избран/а ако за него/а гласале мнозинството од вкупниот број на членови на Советот.

ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ/КА НА КЕМ

Член 4

Претседателот/ката на Советот :

- ја претставува, застапува и раководи со КЕМ ;
- се грижи за организацијата и работата на КЕМ;
- претседава и учествува во работата и одлучувањето на КЕМ;
- го спроведува деловникот за работа на КЕМ ;
- ги потпишува записниците и другите предлог-одлуки, решенија, заклучоци и акти, донесени на седница на КЕМ;
- иницира и остварува соработка на КЕМ со јавните служби, институциите и НВО на подрачјето на општината, КЕМ при Собрание на РМ, МТСП – Сектор за еднакви можности, КЕМ од другите општини;
- дава информации за јавноста за работата на КЕМ;
- врши и други работи определени со Статутот на Општина Пехчево.

По исклучок од став 1 на овој член , во отсуство или спреченост на претседателот, наведените работи во став 1 од овој член ги врши член на КЕМ, определен од страна на претседателот/ката на КЕМ.

ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КЕМ

Член 5

Членот на КЕМ:

- учествува во работата и одлучувањето по прашањата што се ставени на дневен ред на седницата на КЕМ и постапува по нивните заклучоци;
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на КЕМ ;

- одговорно, законито и совесно ги извршува работите од надлежност на КЕМ;
- го спроведува Деловникот за работа на КЕМ

## НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КЕМ

### Член 6

КЕМ работи на седници. Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот/ката на КЕМ. Седниците се свикуваат еднаш во месецот а во интервентни ситуации се свикуваат и почесто.

Седниците се свикуваат и по барање на член од КЕМ, Советот на Општина Пехчево или по барање на Градоначалникот на Општина Пехчево.

Во отсуство на Преседателот/ката со седницата раководи член на КЕМ, определен од страна на претседателот/ката на КЕМ.

### Член 7

На седниците на КЕМ, може да присуствува Градоначалникот на општина Пехчево и Претседателот на Советот на Општина Пехчево, а по потреба и други претставници од локалните институции во општината и НВО, доколку се утврди потреба од нивно присуство заради соодветна помош во дадени ситуации.

### Член 8

Пред почетокот на седницата, претседателот/ката на КЕМ го утврдува присуството на членовите и дневниот ред. Членот на КЕМ може да предложи измена и дополнување на дневниот ред, по кој предлог се одлучува со гласање.

За работата на КЕМ се води Записник. Записникот го води координаторот/ката за еднакви можности при Општина Пехчево. Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, бројот на присутни и отсутни членови на КЕМ, со име и презиме, дневниот ред што е усвоен на седницата, предлозите што се поднесени и одлуките кои се донесени.

КЕМ го разгледува и усвојува записникот на наредната седница и секој член од КЕМ има право да даде забелешка.

Усвоениот записник го потпишува претседателот/ката на КЕМ и записничарот и истиот им се испраќа на членовите на КЕМ по електронска пошта.

### Член 9

КЕМ може да работи и да одлучува ако присуствува мнозинството од вкупниот број членови на КЕМ.

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството од присутните членови на КЕМ.

Членовите на Советот гласаат јавно „ за“ или “против “.

## ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

### Член 10

КЕМ за својата работа, поднесува извештај до Министерството за труд и социјална политика, до 31 Март тековната година, за претходната година. КЕМ ја известува јавноста за својата работа, преку извештаи или информира и дава изјави за електронските и печатените медиуми.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој Деловник влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-293/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работа на Полицискатa канцеларија - Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на Полициската канцеларија - Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/5
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 05/2002),член 25 став 1 од Законот за полиција (Сл.весник на РМ бр.114/2006……..64/2018) и член 30 став 1 точка 34 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за работа на Полициска канцеларија - Пехчево за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на Полициската канцеларија Пехчево за 2019 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на Полициската канцеларија Пехчево за 2019 година бр. 22.28.10-18/20, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-294/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р



МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ШТИП
Одделение за внатрешни работи - Берово
Полициска канцеларија - Пехчево

Ев.бр22.28.10-18/20

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА
ПЕХЧЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

Берово
Јануари 2020 година

ПК Пехчево, кое работеше во состав на ПС од ОН Берово, во текот на изминатата 2019 година, со своето максимално ангажирање како и професионалиот пристап кон секој безбедносен настан, во рамките на постоечките законски и подзаконски акти од своја надлежност, успешно ја оствари својата безбедносна функција и одржа поволна севкупна безбедносна состојба на подрачјето што го покрива ПК Пехчево.

Во текот 2019 година регистрирани беа вкупно 23 (26) кривични дела, при што обемот на криминалитетот во споредба со истиот период од претходната година е намален за 11,5%.

Во областа на јавниот ред и мир во текот на 2019 година евидентено е намалување на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните и тоа за 7% (24:26), додека бројот на откриени прекршоци е зголемен за 7% (24:26), но и бројот на сторителите на прекршоците е намален и тоа за 7% (38:41).

Во областа на сообраќајот бројот на сообраќајни незгоди изминатата 2019 година е зголемен за 33% (12:9), при што бројот на сообраќајните незгоди со потешки последици е зголемен за 200% (3:1), но сообраќајните незгоди со мала материјална штета бележат зголемување за 12% (9:8). Бројот на повредените лица во 2019 година во однос на предходната година е зголемен за 67% (5:3), а за одбележување е тоа што во 2019 година нема загинати лица исто како и претходната 2018 година.

Полицијата во целост ги исполни своите задачи и на планот на соработката со другите институции на државата преку барања за проверки, давање помош по барања (асистенции), како и проверки по пријави од граѓани за разни корумпирани однесувања или злоупотреби на службената положба.

Во областа на **класичниот криминалитет** евидентирани се вкупно 15 кривични дела, за кои против 11 лица поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела до надлежни Јавни Обвинителства и поднесени се 16 Кривични Пријави.

Од вкупно регистрираните кривични дела во оваа област 6 биле извршени од познат сторител, а 10 биле извршени од страна на непознат сторител и при работата по истите 6 од нн –делата биле расветлени со што е постигната ефикасност во расветлување на кривичните дела со нн-сторител од 60%.

Во делот на класичниот криминалитет во текот на 2019 година најзастапени се кривичните дела против имотот со евидентирани 9 дела од кои 5 кривични дела биле класифицирани како „Тешка кражба" а само 4 крвично дело биле „Кражби".

Покрај овиево делот на класичниот криминалитете евидентирани се и 2 кривични дела „Тешки дела против општата сигурност на луѓето", 1 кривично дело „Нанесување на тешка телесна повреда "сторена од страна на малолетник врз малолетно лице, 1 кривично дело „Предизвикување општа опасност" и 1 к.д. „Кражба на електрична енергија" и 1 кривично дело за сторен сообраќајен деликт „Загрозвање на безбедноста во сообраќајот" за кои поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривични дела, против 11 лица поднесени се 15 кривични пријави.

Во насока на сакционирање на **семејното насилство** во текот на 2019 год за одбележување е фактот што не се регистрирани кривични дела кои содржат елементи на семејно насилство за разлика од минатата година кога против 1 сторител-насилник за к.д.

...зршено од страна на сопругот кој при семејна расправија со својата сопруга со тупаници ... удирал по телото нанесувајќи и повреди.

Во оваа област регистрирани се и 1 кривично дело од областа на безбедноста на јавниот сообраќај, каде против 1 сторител поднесена е1 кривична пријава

Во 2019 година, полицијата се ангажираше и во реализација на кривичните дела кои според Кривичниот Законик преставуваат кривични дела за кои гонењето се превзема по приватна тужба Од вкупно пријавените 5 кривични дела, 1 дело било со познат сторител, а 4 биле со непознат сторител и при работата по истите 1 е расветлено а на оштетените им е укажано дека согласно Законот, гонењето се превзема по приватна тужба.

Во делот на **н е д о з в о л е н а т а т р г о в и ј а с о о р у ж ј е и д р о г а**, откриени се и реализирани вкупно 3 кривични дела сите до делот на НТ со дрога а додека во делот на НТ со оружје не се откриени кривични дела за кои против 2 -ца сторители до надлежно ОЈО проследени се 2 кривични пријави .

Во текот на 2019 година регистрирани се 5 прекршоци по член 20 од ЗППЈРМ, „Уживање наркотични дроги и психотропни супстанции“ за кој против 5 лица до надлежен суд поднесени се 5 Барања за поведување прекршочна постапка.

Во делот на **о р г а н и з и р а н и о т к р и м и н а л и т е т** во 2019 година на подрачјето на ПК Пехчево не е регистрирано кривично дело во оваа област како во оваа така и во минатата 2018 година

Во делот на **е к о н о м с к и о т к р и м и н а л и т е т во 2019 година** на подрачјето на ПК-Пехево евидентирани се 5 кривични дела и тоа 4 „Злоупотреба на службената положба и овластување “ и 1 „Незаконит лов“ за кои против 3 сторители поднесени се 5 кривични пријави.

Во текот на 2019 година, својот престој на подрачјето на Пехчево го пријавиле вкупно 1887 странски државјани, што е показател дека се бележи зголемување за 146% на бројот на посети во однос на претходната година кога биле регистрирани 765 посети .

Од вкупно пријавените посети 203 биле од приватен карактер, додека 1684 лица од странските државјани на подрачјето престојувале по други основи како гости со ноќевање – туристи, семинари , обуки и бизнис.

Во делот на патувањето на наши граѓани во странство во текот на 2019 година, издадени се вкупно 726 патни исправи, од кои 205 за прв пат, извршена е замена на 518 патни исправи, додека на 3 лица издадени им се дупликат пасоши.

Во областа на **ј а в н и о т р е д и м и р**, активностите на полицијата воглавном беа насочени преку редовното работење и спроведување на разни акциски контроли да се обезбеди мирен и спокоен живот на граѓаните, како и обезбедување на услови за непречено остварување на нивните права и слободи и заштита на нивниот физички и личен интерес. Така во период од 2019 година, јавниот ред и мир бил нарушен во 24 случаи, во кои се сторени вкупно 24 прекршоци од страна на 38 нарушител.

Во областа на јавниот ред и мир, евидентено е намалување на случаите кога бил нарушен редот и мирот на граѓаните и тоа за 7% (24:26). додека бројот на откриени

2

...екршоци е зголемен за 7% (24:26), но и бројот на сторителите на прекршоците е намален и ...оа за 7% (38:41).

...авниот ред и мир најчесто бил нарушен со:

- учество, предизвикување или поттикнување на тепачка – 4
- Физички напад на лице– /
- уживање наркотични дроги – 5
- невнимателно држење на куче – 2
- карање викање и непристојно однесување-2
- вознемирување соседи-1

За воспоставување на јавен ред и мир во 2 случаи, над 2 лица полицијата употребила средство за присилба и тоа во двата случаи биле користени лисици за врзување и истите завршиле без последици по лицето врз кое е употребено средството за присилба. Од страна на старешинскиот кадар 2 случаи за употребата на средствата за присилба се отценети како оправдани.

Во рамките на превентивното делување и примена на овластувањата по пријавените поплаки од граѓани, полицијата постапувала, при што писмено или усно се предупредени лицата против кои биле поднесени поплаките.

Дел од пријавените поплаки биле со елементи на семејно насилство каде сопругата, децата, родителот или други членови од семејната заедница биле психички или физички малтретирани, при што полицијата писмено или усно ги предупредиле лицата против кои биле поднесени поплаките.

Работено е и на имплементација на Законот за јавна чистота, Законот за лична карта, Законот за оружје, Законот за царина, Законот за пушење и други закони по кои полицијата има надлежност да постапува, при што за откриените прекршоци од страна на полициски службеници е постапено и реализирано до надлежната институција.

Во областа на **б е з б е д н о с т а   н а   с о о б р а ќ а ј о т** активностите на полицијата воглавном беа насочени кон обезбедување на што подобри услови за нормално и непречено одвивање на сообраќајот, како и превземање на соодветни мерки за елиминирање на основните причини кои директно или индиректно влијаат врз безбедноста на сообраќајот .

Во текот на 2019 година, на подрачјето на општина Пехчево се случиле вкупно 12 (9) сообраќајни незгоди, од кои 5 (1) биле со потешки последици и 7 (8) со мала матерјална штета. Бројот на повредените лица во однос на истиот период од предходната година е зголемен за 66% (5:3), а за одбележување е фактот што оваа година немаме регистрирано загинато лице.

Од регистрираните повредени лица учесници во сообраќајните незгоди во својство на возачи биле 4 лица и 1 сопстник. Од сообраќајние незгода со потешки последици 3 се случиле на отворен пат а 2 во населено место а според времето на догодување 3 -те се случоле во текот на денот а 2 биле догодени во вечерните и ноќните часови . Како причина за догодување на сообраќајните незгоди со потешки последици во 2 случаи била брзината , во 1 алкохолот, сообраќајна незгода е догодена како резултат на неправилно движење на возило и во 1 случај поради престигнување.

Во рамките на превентивно - репресивните активности перманентно се вршат контриоли на сите патни правци и улиците во населените места, во поглед на откривање и отстранување на недостатоци и пречките за нормално одвивање на сообраќајот. Од оваа област континуирано се вршени и известувања на надлежните органи и организации за

3

Со цел откривање и попречување на потешките видови прекршоци и зголемување на сообраќајната култура како и елиминирање на причините кои влијаат врз безбедноста на сообраќајот, во изминатиот период од годината од стрна на полициски службеници беа планирани и спроведени селективни акциски контроли.

Заради намалување и елиминирање на општествено - негативните појави меѓу помладата популација, ПС од ОН Берово преку своите служби за превенција, превземаше активности и дејствија на планот на **превентивно делување.**

Активностите се реализираа од страна на инспекторот по превенција при ПС од ОН Берово, а во соработка со стручните служби од училиштата на подрачјето на општината и другите надлежни институции, при што беа реализирани некои проектни активности за превенирање и едукација на малолетната популација и граѓаните за настани и проблеми кои што се актуелни на територијата на Република Македонија, вклучувајќи ја и нашата општина, а ја загрозуваат безбедноста и сигурноста на граѓаните и кавлитетот на живеење во заедницата, па поради тоа и беа опфатени различни целни групи, а со следните активности:

- **„Безбедни матурски прослави"**, Одржано едукативно предавање со матурантите од ОСУ „Ацо Русковски„ од Берово, и диспарзираните паралелки во Пехчево на тема **„Безбедни и весели матурски вечери„** .
- **„Превентивно делување за заштита од пожари на отворен простор"**, Од страна на ПС ОН-Берово реалзирана **Мешана патрола** на подрачјето со вклучување на лица од надлежни институции со цел превенција на шумите од пожари на отворен простор.
- Присуствувано е на состанок организиран од страна на Дирекција за заштита и спаување на тема **„Заштита од шумски пожари и други пожари на отворени простори„**
- **„Безбедно да ги прославиме новогодишните и божиќните празници"**, одржани едукативни предавања на тема **„Превенција од употреба на пиротехнички средства„** во кое се опфатени ученици ООУ „Ванчо Китанов„ во Пехчево од петто до деветто одделение.
- „Како сте" На подрачјето на ПС ОН-Берово **реализирани се вкупно 68 активности**, по кој прокет вршени се посети на стари и изнемоштени лица, при посетите на лицата им се давани совети за превенција од кражби, провални кражби, измами и сите се информирани дека доколку имат потреба за било кој проблем од областа на безбедност или друг проблем можат да пријават на бесплатниот телефонски број 192;
- **„На кафе кај соседите"**, реализирани повеќе активности, во врска со кои е разговарано е со лица на безбедносните терени за безбедносната состоба во нивната урбана или месна заедница.
- **„Бизнисот и безбедност"**, одржани се средби со поголем број на сопствениците на угостителски објекти, поединци сопственици на трговски дуќани, сопственици и возачи во такси компани, сопственици на тезги во гратските пазари.Тема на средбиете и состаноците се превенција за заштита од кражби, измами ,провални кражби, уцени и измами;
- **„За спортот заедно"** одржани се состаноци со навивачи, раководства на спортските клубови а „ОФК Малеш„ од Берово и „ФК Кит-Го„ од Пехчево и комесарите за безбедност на клубовите од фудбалската лига исток на кои се разработени одредбите од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на

- „Мојот полицаец", На подрачјето на ПС ОН-Берово **реализирани се вкупно** 8 активности, остварени се средби со претседатели на МЗ, при тоа им се дадени телефонски броеви од Пом.командирите за ЈРМ и превенција и е потенцирана можноста дека доколку имат забележување на безбедносен проблем истиот можат да го пријават на бесплатниот телефонски број 192;
- **„Полицијата и граѓаните заедно"** по проектна активност **„Застани и разговарај"** реализирани се средби со граѓани од подрачјето и разговарно е во врска со настани и појави на подрачјето кои би биле во интерес на службата.

Во текот на месец Ноември во просториите на ПС ОН-Берово е одржан работен состанок со надлежните субјекти за одржување на локалните и регионалните патишта на подрачјето врска престојаната зимска сезона и подготвеноста на истите за одржување на патиштата.

- Кампања на МВР „Полицијата и учениците се дружат"

При тековното работење од страна на полициски службеници секојдневно се превземани превентивни мерки и активности во училиштата.

- Сообраќајно воспитна акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот" На подрачјето на ПС ОН-Берово реализизрани се вкупно едукативни предавања со ученици од прво оддление од ООУ „ Ванчо Китранов " во Пехчево Дедо Иљо Малешевски во Берово и ОСУ „Ацо Русковски" с. Русиново

Во текот на 2019 година одржани се вкупно 5 **сообраќајни поуки** со возачи и пешаци сторители на сообраќајни прекршоци.

Советодавна групи на граѓани

СГГ -**Советодавна групи на граѓани** Во текот на извештајниот период со СГГ на општина Пехчево нема одржано состанок - истата не финкцинира

Локален совет за превенција

Во текот на извештајниот период не се одржани состаноци на Локалниот совет за превенција на подрачјето на ПС ОН-Берово, додека во ПК-Пехчево истиот не фунскционира.

**Други превентивни активности**

-Во текот на месец Ноември е изготвено **соопштение** до јавните медиуми на подрачјето на ПС ОН-Берово, за обврската кои ја имаат возачите во зимски услови и носењето на пропишаната зимска опрема. Во текот на месец Јули изготвено е известување до јавните медиуму за „Заштита на шумите и на отворените простори од пожари„ а исто така во текот на извештајната година изготвувани се и превентивни флаери од областа на сообраќајот.

Како резултат на севкупно преземените активности и постигнатите резултати во извршувањето на задачите и разрешување на безбедносните појави и настани, ПС од ОН Берово и ПК Пехчево, во текот на 2019 година, успеа да обезбеди стабилен јавен ред и мир и ефикасна заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните, со што во целост ја изврши својата безбедносна функција.

Изготвил:
Данче Јанковска
Виктор Поповски

Командир на ОВР- Берово

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-326/6 | Градоначалник на |
| 06.03.2020 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Драган Тренчовски с.р |

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 3, член 11 од Законот за локална самоуиправа (Сл. весник на РМ бр.05/2002), член 2 став 2 и член 20 став 1 тарифен број 9 од Законот за комунални такси (Сл. весник на Р.М. бр. 61/04) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и мотоцикли за 2020 год.**

Член 1

За користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли се утврдува тарифа за комунални такси во општина Пехчево за 2020 год. и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика ...................................... 50,00 денари.
-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика ........................ 80,00 денари.
-за патнички возила од 1300 до 1500 кубика ....................... 100,00 денари.
-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика ....................... 200,00 денари.
-за патнички возила над 1800 кубика .................................. 300,00 денари.
-за товарни возила по тон носивост ..................................... 100,00 денари.
-за автопбуси и др. Возила што служат за првоз на патници ...500,00 денари.
-за специјални возила .......................................................... 50,00 денари
-за сите видови на мотоцикли ............................................. 50,00 денари.

Член 2

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возила и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-295/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2020 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2020 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/7
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 3 став 1 точка 3, член 10 точка 3 и член 11 од законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2020 год**

**Член 1**

За користење на просторот пред деловните објекти - јавни површини (угостителски објекти, кафичи ресторани, сендвичари и објекти) за вршење на дејност се одредува тарифа за комунална такса по м$^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 5,00 ден дневно.

**Член 2**

За поставување на фрижидери за сладолед, тезги, подвижни објекти (колички) објекти за продажба на разни видови слатки и бели пецива, и друго надвор од деловните објекти, плоштади се наплаќа по м$^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 30,00 денари дневно.

**Член 3**

Просторот пред деловната просторија сшто се користи за вршење на дејноста се определува со сезонско посебно решение.

**Член 4**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

| | |
|---|---|
| Бр.08-296/1 | Совет на општина Пехчево |
| 06.03.2020 година | Претседател |
| Пехчево | Николчо Јовчев с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/8
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 2 став 1 и 2 член 3,5,7 и 10 точка 3 од Законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06//2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2020 година**

**Член 1**

За плаќање на фирма (фирмарина) односно назив на деловна просторија на правните лица кои вршат дејност во истата изнесува 6.000,00 денари.

**Член 2**

За плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ од 500,00 денари.

**Член 3**

Плаќањето за фирма ,односно назив на деловна просторија на трговски друштва и други правни лица од областа на производството, промет и услуги, освен за продавница и киоск, за секоја деловна единица која е посебна од седиштето и сл. за нив таксата изнесува 2.000,00 денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ке се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-297/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/9
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06//2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За купување, отуѓување и оптоварување на недвижен имот во сопственост на општина Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесува Одлука за да може општина Пехчево да купува, отуѓува и оптоварува недвижен имот во сопственост на општина Пехчево.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата со донесување на оваа Одлука да веднаш отпочне со работа.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-298/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/10 Градоначалник на
06.03.2020 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06//2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште) за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојуваат критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, земјоделско земјиште, која пазарна вредност ќе служи како основица за пресметување на данок на промет на недвижен имот за 2020 година;

**Член 2**

Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, земјоделско земјиште се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

**К Р И Т Е Р И У М И**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**
**(Земјоделско земјиште)**

КОЈА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ ЌЕ СЛУЖИ КАКО ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НАДВИЖЕН ИМОТ ЗА 2020 год.

(земјоделско земјиште по класи)

| Ред.ВИД НА ЗЕМЈИШТЕ БР. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. НИВА И ЛИВАДА | 40 | 35 | 33 | 28 | 25 | 20 | 15 | 10 |
| 2. ОВОШНА ГРАДИНА | 45 | 40 | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 |
| 3. ПАСИШТА | 15 | 13 | 11 | 9 | 8 | 7 | 6 | 5 |
| 4. ШУМА | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 | 12 | 9 |

5.НА НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ пазарната вредност е **400.00 денари** по $м^2$, урбанизирано централно градско подрачје; вонцентрално **300,00** денари по $м^2$; и по **50,00** денари неурбанизирани населби (села). с.Чифлик, с.Умлена, с.Робово, с.Црник, с.Негрево, с.Панчарево и с.Спиково по $м^2$.

---

Отстапување од определените цени на земјоделското земјиште може да се изврши со записник од страна на проценувачката комисија во следните случаеви:

А)Зголемување но не повеќе од 100% во зависност од
- Близината на населеното место
- Поврзаност со инфраструктура

Б) Намалување но неповеќе од 50% во зависност од
- Оддалеченост од населено место -
Непристапност до пат
- Големина на површина
- За шумите и овошните насади од состојбата на истите

Бр.08-299/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2020 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за за утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2020 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/11
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноци на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40,10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13, 21/13), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06//2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште за 2020 год.**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност недвижен имот, утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за град Пехчево и населените места во општина Пехчево и утврдување на пазарна вредност на недвижности и права на земјоделско земјиште.

**Член 2**

За прва зона се зема четирнаесета зона, за втора зона се зема шеснаесета зона од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (Сл. весник на РМ бр. 50/05, 40/10, 46/10, 183/11, 54/12, 17/13 и 21/13)

**Член 3**

1. **Прва зона го опфаќа потегот помеѓу:** Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово – Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „ Илинденска„ и ул. „ Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „ Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „ 18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „ Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „ Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево, западната страна на старата фабрика „Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

**2. Втора зона го опфаќа потегот помеѓу:**

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје претставува втора зона.

**3. Трета зона**

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство и откупен пункт ЛУПД е како трета зона.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2020 година ќе влезе во зоната како Вонцентарлно градско подрачје.**

**Член 4**

За пазарна вредност на градежното земјиште во прва зона се зема 550,00ден./м2, за втора зона се зема 400,00 ден/м2 и за трета зона (мало стопанство, откупен пунк и спортски центар) се зема 150,00ден за м2. Цените се дадени во денари.

**Член 5**

Доколку градежното земјиште се наоѓа во населени места каде има План за село или општ акт, се зема: с.Чифлик 200 денари за $м^2$; с.Умлена, с.Робово и с.Црник по 150 денари за $м^2$; а с.Негрево, с.Панчарево и с.Спиково по 100 денари за $м^2$.

**Член 6**

За пазарна вредност на земјоделско земјиште по $м^2$ се зема:

| ВИД НА ЗЕМЈИШТЕ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. НИВА И ЛИВАДА | 40 | 35 | 33 | 28 | 25 | 20 | 15 | 10 |
| 2. ОВОШНА ГРАДИНА | 45 | 40 | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 |
| 3. ПАСИШТА | 15 | 13 | 11 | 9 | 8 | 7 | 6 | 5 |
| 4. ШУМА | 35 | 30 | 25 | 20 | 18 | 15 | 12 | 9 |

Отстапување од определените цени на земјоделското земјиште може да се врши од страна на Проценителите на недвижен имот во следните случаеви:

А) Зголемување но не повеќе од 50% во зависност од
 - Близината на населеното место
 - Поврзаност со инфраструктура

Б) Намалување но не повеќе од 50% во зависност од -
Одалеченост од населено место -
Непристапност до пат
- Големина на површина
- За шумите и овошните насади од состојбата на истите

**Член 7**

Составен дел на оваа Одлука е мапата на град Пехчево со определени зони.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-300/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/12
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 алинеја 6 од Законот за Локална самоуправа (Сл весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево по предлог на Оделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој, односно делот за администрирање и наплата на локални даноци и комунални такси, донесе Одлука за отпис на побарувања од правните лица по две години, а за физички лица по пет години.

**Член 2**

Одлуката се донесува поради задолженијата кои се водат во софтверот за локални даноци и такси на веќе ликвидирани и непостоечки фирми, како и починати физички лица-обврзници за данок на имот и според Законот за данок и поради тие причини не можат да се наплатат.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-301/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/13<br>06.03.2020 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02),член 6 став 6 од Закон за комуналните такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕФИЦИТАРНИ ЗАНИМАЊА И ЗАНАЕТИ ВО ИЗУМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Општина пехчево како дефицитарни занимања и занаети во изумирања на територијата на општината ги определува следниве занимања:

- Поправка на часовници и накит
- Ковач
- Лимар
- Поправка на обувки и производи од кожа
- Клучар
- Самарџија
- Грнчар

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-302/1<br>06.03.2020 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/14
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 став 2 и член 6 став 1 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2020 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на имот во висина од 0,10% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на имот е пртавно и физичко лице сопственик на имот, корисник на имот, плодоуживател на имот.

**Член 3**

Наплатата на данок на имот ќе се врши на сметката на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-303/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/15 | Градоначалник на
06.03.2020 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Трендовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 16 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06//2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 06.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2020 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред во висина од 3% од пазарната вредност, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 4% од пазарната вредност.

**Член 2**

Обврзникот на данок на наследство и подарок е физичко и правно лице кое наследува имот, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок во земјата и странство.

**Член 3**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорска сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-304/1 | Совет на општина Пехчево
06.03.2020 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2020 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на стапка на данок на промет на недвижности за 2020 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/16 Градоначалник на
06.03.2020 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 5 став 2 и член 22 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

# ОДЛУКА
**За утврдување на висината на стапката на данок на промет на недвижности за 2020 година**

**Член 1**

Се утврдува стапката на данок на недвижности во висина од 3% од пазарната вредност на имотот.

**Член 2**

Обврзникот на данок на промет на недвижности е физичко или правно лице - продавач на недвижности, а по исклучок обврзник може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот на промет на недвижноста да го плати купувачот.

**Член 3**

Наплатата на данок на наследство и подарок ќе се врши на сметка на Буџет на општина Пехчево во рамките на трезорската сметка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-305/1 Совет на општина Пехчево
06.03.2020 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за не определување на цената на такси стојалишта, автобуски станици и стојалишта во јавниот општински превоз на територијата на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не определување на цената на такси стојалишта, автобуски станици и стојалишта во јавниот општински превоз на територијата на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево го донесе на дваесет и осма седница одржана на ден 06.03.2020 година.

Бр. 09-326/17
06.03.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.05/2002), член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за превоз на патниот сообраќај (Сл. весник на РМ бр. 68/2004), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.03.2020 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**За не определување на цената на такси стојалишта, автобуски станици и стојалишта во јавниот општински превоз на територијата на општина Пехчево за 2020 година**

**Член 1**

Предлогот ќе се разгледува на наредна седница на совет, со намалени цени од понудените.

Бр.08-306/1
06.03.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

